Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник бр.05/2002) и член 29 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Сл. весник бр.61/2004; 67/2004; 96/2004; 156/2009; 47/2011; 192/2015; 209/2018 и Сл. весник бр. 244/2019; 77/2021 и 173/2022) , Советот на Општина Прилеп на 41 седница , одржана на14.03.2024 година донесе:

# О Д Л У К А

## За проширување на средствата на Буџетот на Општина **ЕЛС ОпШтина Прилеп**

## За 2024 година

### Член 1

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на ЕЛС Општина Прилеп за 2024 година, на следниот начин :

| Потпрограма Потставка | | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| **Се зголемуваат приходите на следните потаставки :** | | | | | |
| 741114 | Пренесен вишок на Приходи од претходната година | 0 | 0 | 582.000 | 0 |
| | | **0** | **0** | **582.000** | **0** |
| **и се распредуваат на следните расходни потаставки :** | | | | | |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 420220 | Патување во странство - патни расходи | 0 | 0 | 174.000 | 0 |
| 423310 | Униформи | 0 | 0 | 279.000 | 0 |
| 480310 | Плаќање на ДДВ за опрема купена од донации | 0 | 0 | 129.000 | 0 |
| | | **0** | **0** | **582.000** | **0** |

### Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општината и станува составен дел на Буџетот за 2024 година.

Бр.09-977/5

Претседател на Советот на Општината

**Дејан Продановски**

До

Локална самоуправа Прилеп

Сектор за финансии

Почитувани,

ООУ Климент Охридски – Прилеп беше едно од десетте пилот-училишта од државата кои се вклучени во Проектот за унапредување на основното образование (ПЕИП) од страна на МОН поддржано од Светка Банка. Во рамките на проектот е одобрен и грант за реализирање на активности во износ од 581,752,00 денари за што е потпишан и договор со МОН на 07.12.2023 г. Активностите кои училиштето ги планирало и за кои добило одобрение од МОН предвидуваат: набавка на интерактивен панел, посета на 4 наставници за размена на искуства и идеи за унапредување на наставниот процес (во Сплит) и обука на 2 наставници за гејмификација и современи наставни методи во Тенерифе.

За реализирање на активностите, училиштето има отворено посебна сметка за проектот и има изработено финансиски план кој треба да биде одобрен од ваша страна на итна седница со цел Министерството да ги префрли финансиските средства на сметката што побргу бидејќи активностите веќе треба да се реализираат во наредниов период.

Со почит,

Ахил Јаков

Директор на ООУ Климент Охридски - Прилеп

**Општина Прилеп**
Локална самоуправа

**Municipality of Prilep**
Local government

**ДО**

**Совет на Општина Прилеп**
**ЕЛС Прилеп**

**ПРЕДМЕТ : Образложение кон Предлог-Одлука за проширување на Буџет**

По Барање на ООУ Климент Охридски , а во консултации со Одделението за буџети на ЕЛС при Министерството за финансии, изготвена е оваа Предлог-Одлука за проширување на Буџетот на донации, со цел реализација на Проектот ,,Програма за унапредување на работата на основните училишта во С. Македонија,, добиен од Министерството за образование.

Од тие причини Ви ја доставуваме оваа Предло-Одлука на разгледување и усвојување со цел ООУ Климент Охридски непречено да го реализира одобрениот Проект.

Раководител
на Сектор за финансиски прашања
Драге Звездакоски

_______________________

Д.З

ул. Питу Гули бр.2, Прилеп - Република Македонија тел.: ++389 (0) 48 416-454
**www.prilep.gov.mk prilep@prilep.gov.mk** факс.: ++389 (0) 48 426-430